КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ® - ЖИВОТ
АД за осигурување на Живот
Најважното. Најсигурно!

# <u>И З В Е С Т У В А Њ Е</u>

I. Дневен ред за XII. Редовна Седница на Собрание на акционери на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот
II. Предлог Одлуки
III. Објаснување на Одлуките
IV. Објавување на акционерите, упатство за учество, и употреба на гласачките права

---

Врз основа на член 44. од Статутот на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот, како и член 384. став 1. од Законот за трговски Друштва на Р. Македонија (Службен весник на РМ број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11) Органот на управување на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот свикува:

XII. Редовна Седница на Собрание на акционери на
Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот
на 15ти Мај во 10:30 часот во Скопје
Ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20

## I. Дневен ред за XII. Редовна Седница на Собрание на акционери

1. Усвојување на Записникот од XI. Седница на Собрание на акционери на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот
2. Годишен Извештај за работењето на Кроациа Осигурување АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година
   i. Донесување на Одлука за прифаќање на Извештајот

3. Завршна сметка на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2011 година
    a) Усвојување на Одлуката за Завршната сметка за 2011 година:

    b) Биланс на состојба;
    c) Биланс на успех;
    d) Извештај за паричниот тек;
4. Усвојување на Одлука за распределба на нето добивката за 2011 година
5. Усвојување на Предлог Одлука за отуѓување на дел од откупените сопствени акции на на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот
6. Извештај на МУР СТИВЕНС ДОО за извршената ревизија и финансиски Извештаи за 2011 година
    a) Усвојување на Одлука за прифаќање на Извештајот
7. Годишен Извештај на внатрешната ревизија за 2011 година
    a) Усвојување на Одлука за прифаќање на Годишен Извештај на внатрешната ревизија за 2011 година
8. Годишниот Извештај за работењето на Одборот на Директори на Друштвото за 2011 година
    a) Усвојување на Одлука за прифаќање на Годишниот Извештај за работењето на Одборот на Директори на Друштвото за 2011 година
9. Усвојување на Одлука за висина на месечен надоместок на членови на Одбор на Директори за 2012 година
10. Усвојување на Одлука за назначување на Друштво за ревизија на финансиските Извештаји на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2012 година
11. Усвојување на Одлука за припис на добивка по полиси за осигурување на живот за 2011 година
12. Усвојување на Одлука за разрешување на неизвршните членови на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот
13. Усвојување на Одлука за именување на неизвршни членови на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот
14. Разно

II. Предложени Одлуки

Одборот на Директори на Кроациа Осигурување АД - Друштво за осигурување на живот ги утвди годишниот извештај за работењето и завршната сметка за 2011 година

Врз основа на член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382. член 383. став 1. точка 2., член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**За усвојување Извештај за работењето на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ за 2011 година**

**Член 1.**

Се усвојува Годишниот Извештај за работа на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ за 2011 година.

**Член 2.**

Извештајот од член 1. е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3.**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзино донесување.

# О Д Л У К А

за усвојување на завршната сметка на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година

**Член 1.**

Се усвојува Билансот на успех за деловната 2011 година на Кроациа Осигурување АД - Друштво за осигурување на живот:

| **ПРИХОДИ** | **во 000 ден.** |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| Приходи од осигурување | 199.074 |
| Приходи од камати | 35.978 |
| Други приходи | 527 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **235.579** |
| | |
| **РАСХОДИ** | |
| Исплати на осигуреници | 17.408 |
| Резерви за штети | 27 |
| Промени во математичка резерва | 104.294 |
| Провизии | 54.926 |
| Маркетинг | 5.508 |
| Трошоци на осигурување | 2.358 |
| Трошоци за обезвреднување на побарувања | 1.176 |
| Амортизација | 1.384 |
| Бруто плати | 16.023 |
| Закупнина | 2.271 |
| Останати општи трошоци | 15.476 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **220.851** |
| | |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **14.728** |
| | |
| **ДАНОК НА ДОБИВКА** | **(448)** |
| | |
| **НЕТО ДОБИВКА** | **14.280** |

**Член 2.**

Се усвојува Билансот на состојба за деловната 2011 година на Кроациа Осигурување АД - Друштво за осигурување на живот:

| **АКТИВА** | **во 000 ден.** |
|---|---|
| **СРЕДСТВА** | |
| Нематеријални средства | 843 |
| Недвижности и опрема | 2.329 |
| Финансиски вложувања | |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање | 479.286 |
| Депозити и заеми | 71.112 |
| Побарувања од осигурување | 14.337 |
| Останати тековни средства | 7.136 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 7.165 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **582.208** |

| **ПАСИВА** | |
|---|---|
| **ОБВРСКИ** | |
| Математичка резерва | 351.761 |
| Резервации за штети | 1.310 |
| Преносни премии | 4.440 |
| Резервации за отприемнини и награди | 923 |
| Обврски за финансиски лизинг | 814 |
| Останати тековни обврски | 23.421 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **382.669** |

| **КАПИТАЛ** | |
|---|---|
| Акционерски капитал | 184.132 |

| | |
|---|---|
| Откупени сопствени акции | (14.609) |
| Резерви | 11.423 |
| Акумулирана добивка (загуба) | 4.313 |
| Добивка (загуба) за финансиска година | 14.280 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ** | **199.539** |
| | |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | **582.208** |

**Член 3**

Се усвојува Извештајот за паричните текови за деловната 2011 година на Кроациа Осигурување АД - Друштво за осигурување на живот:

| | **во 000 ден.** |
|---|---|
| **Парични текови од оперативно работење** | |
| Приливи од осигурениците | 199.922 |
| Исплати на осигурениците | (17.472) |
| Исплати за реосигурување | (307) |
| Исплати за вработените | (17.145) |
| Исплати за останати расходи од работење | (75.344) |
| Платена камата | (101) |
| Платен данок на добивка | (332) |
| **Нето парични текови од оперативно работење** | **89.221** |
| | |
| **Парични текови од инвестиционо работење** | |
| Нето прилив (одлив) од депозити во банки | (22.500) |
| Нето прилив (одлив) од државни записи | (13.904) |
| Нето прилив (одлив) од државни обврзници | (58.856) |
| Дадени позајмици | (343) |

| | |
|---|---|
| Приливи од камати | 27.579 |
| Продажбан а опрема | 50 |
| Купени нематеријални средства | (752) |
| Купена опрема | (772) |
| **Нето парични текови од инвестиционо работење** | **(69.498)** |
| | |
| **Парични текови од финансиско работење** | |
| Исплати за финансиски лизинг | (624) |
| Откупени сопствени акции | (14.609) |
| **Нето парични текови од финансиско работење** | **(15.233)** |
| | |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **4.490** |
| | |
| **Парични средства на почеток на годината** | **2.675** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **7.165** |

Врз основа на член 43. и член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382. член 383. и член 384. од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

За распределување на остварената Нето добивка на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година

**Член 1.**

Нето добивката на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот, утврдена за 2011 година во износ од 14.279.941,00 денари, се распоредува:

- 4.759.981,00 денари, во резерви на Друштвото (законски)

- 4.843.519,00 денари ќе се исплатат како нето дивиденда од остварената добивка за 2011 година на Croatia Osiguranje d.d Загреб
- Данок на добивка на исплатена дивиденда во износ од 538.169,00 денари
- Преостанатиот дел, односно 4.138.272,00 денари, во нераспределена добивка.

**Член 2.**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

Врз основа на член 43. и член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382, член 383, член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

За отуѓување на дел од откупените сопствени акции на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот

**Член 1.**

Се одобрува отуѓување на 750. сопствени акции по цена од 105 евра на Croatia Osiguranje d.d. Загреб.

**Член 2.**

Акциите кои се отуѓуваат се во вкупен износ од 4.843.519,00 денари., а плаќањето ќе се изврши со копнензација за неисплатената обврска по основ на дивиденда за 2011 година.

**Член 3.**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

Врз основа на член 43. и член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382. член 383. став 1. точка 2. и член 384. од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

За усвојување на Извештајот на МУР СТИВЕНС ДОО за извршената ревизија и финансиски извештаи за 2011 година на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот

**Член 1.**

Се усвојува Извештајот на МУР СТИВЕНС ДОО за извршената ревизија и финансиски извештаји за 2011 година на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот.

**Член 2.**

Годишниот Извештај од точка 1. е составен дел на оваа Одлука.

Врз основа на член 43. и член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382. член 383. и член 384. од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

За усвојување на Годишниот Извештај на внатрешната ревизија на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година

**Член 1.**

Се усвојува Годишниот Извештај на внатрешната ревизија на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година.

**Член 2.**

Годишниот Извештај од точка 1. е составен дел на оваа Одлука.

Врз основа на член 43. и член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382, член 383, член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

За усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година

**Член 1.**

Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година.

**Член 2.**

Годишниот Извештај од точка 1. е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3.**

Одлуката стапува на сила во моментот на донесување.

Врз основа на член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382, член 383, член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

за утврдување на месечен паушал на неизвршни членови на Одбор на Директори за 2012 година

**Член 1.**

Се определува месечен паушал како награда за работењето на неизвршните членови на Одборот на Директори.

**Член 2**

Месечниот паушал за неизвршниот член на Одборот на Директори именуван како Претседател на Одборот на Директори изнесува 275 евра.

Месечниот паушал за неизвршните членови на Одборот на Директори именувани како неизвршен зависен член на Одборот на Директори изнесува 275 евра.

Месечниот паушал за неизвршните членови на Одборот на Директори именувани како неизвршен независен член на Одборот на Директори изнесува 150 евра.

**Член 3**

Исплатата на месечниот паушал на неизвршните членови на Одборот на Директори ќе се исплатува месечно, во текот на првата недела од месецот, за тековниот месец.

**Член 4**

Исплатата на месечниот паушал  за неизвршните членови на Одборот на Директори со македонско државјанство ќе се исплаќа во МК денари по среден курс на Народна Банка

на Р. Македонија на денот на исплата, додека на странските државјани ќе се исплаќа во евра.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

Врз основа на член 43. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 382, член 383, член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

За назначување на Друштво за ревизија на работењето и финансиските извештаји за 2012 година на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот

**Член 1**

Се назначува Друштвото **МУР СТИВЕНС ДОО Скопје** да изврши ревизија на работењето и финансиски извештаји за 2012 година на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот.

**Член 2**

Одлуката се донесува врз основа на избор на најповолна, од доставени и разгледани три Понуди за ревизија на работењето на Друштвото и финансиските извештаји за 2012 година.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила по добиена согласност од Агенција за супервизија на осигурување.

Врз основа на член 43. и член 44. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, член 382., член 383., член 384. од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А
За припишување на добивка по полиси за осигурување на Живот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот за 2011 година

**Член 1.**

Се припишува дополнителна осигурана сума на активни осигурувања на Живот по тарифи 0101, 0102, 0201, 0202, 0301, 0302, 0803, 1001, 1002.

**Член 2.**

Висината на дополнителната осигурана сума се утврдува како процент од математичката резерва која се користи како основа за припишувања на дополнителни осигурани суми за 2011 година, и изнесува:

3,0% (три запирка нула проценти) за сите активни осигурувања на Живот по горенаведените тарифи.

**Член 3.**

Одлуката стапува на сила во моментот на нејзино донесување.

Врз основа на член 43. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 383. став 1. точка 3. од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А
За разрешување на неизвршните членови на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот

**Член 1.**

Се разрешуваат неизвршните членови на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот, Г-дин Жељко Јукиќ, Г-дин Марин Палада и Г-дин Пуљиз Марио, и Г-дин Владо Камбовски како независен неизвршен член (поради истекување на мандат).

**Член 2.**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, и се доставува до Агенција за супервизија на осигурување, согласно законските прописи за редовно известување.

Врз основа на член 43. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, како и член 383. став 1. точка 3. од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10,24/11), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XII. седница одржана на ден 15.05.2012 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## За именување на неизвршни членови на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот

**Член 1.**

Се именуваат неизвршни членови на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за осигурување на живот:

Г-дин Жељко Јукиќ, неизвршен член

Г-дин Марин Палада, неизвршен член

Г-дин Пуљиз Марио, неизвршен член

Г-дин Огнен Блажевски, неизвршен независен член

**Член 2.**

Мандатот на новоизбраните членови ќе трае 4 (четири) години, односно од 15.05.2012 година до 15.05.2016 година.

**Член 3.**

Одлуката се донесува врз основа на Одлуката на Управата на CROATIA osiguranje d.d. Zagreb, со број: UP/57/SFU-DK/2012, донесена на ден 12.04.2012. година, и по добивање на согласнот од Надзорниот Одбор на CROATIA osiguranje d.d. Zagreb.

**Член 4.**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, и се доставува до Агенција за супервизија на осигурување, согласно законските прописи за редовно известување.

## III. Објаснување на Одлуките

Одборот на Директори во понатамошниот текст даваат образложение, и препорачуваат гласање во корист на предложените Одлуки, а во најдобар интерес на сите акционери.

**Објаснување на Одлуката за Годишниот Извештај за работењето на Друштвото и Одлуката за завршната сметка**

Согласно член 383. став 1. точка 2. од Законот за трговски Друштваи член 44. од Статутот, Одборот на директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за Годишен извештај за работењето во 2011 година и предлог Одлука за усвојување на завршна сметка.

**Објаснување на распределување на остварена нето добивка на Друштвото во 2011 година**

Согласно член 383. став 1. точка 2. од Законот за трговски друштва и член 70. од Статутот, Одборот на директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за распределување на остварена нето добивка во 2011 година.

1. Според член 70. од Законот за супервизија на осигурување задолжително 1/3 или 4.759.981,00 денари од остварената добивка треба да оди во резерви на Друштвото.
2. Croatia osiguranje d.d. Zagreb согласно член 27. од Статутот оваа година одлучи да препише дивиденда, за остварената добивка. Дел од добивката или 4.843.519,00 денари ќе се препише како нето дивиденда за акционерите.
3. Преостанатиот дел од 4.138.272,00 денари, во нераспределрна добивка.

**Објаснување на Одлуката за отуѓување на дел од откупените сопствени акции на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот**

Согласно член 370. од Законот за трговски друштва и член 70. и член 78. од Статутот, Одборот на директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за продажба на дел од сопсвените акции, на основ компензација за препишување на дивиденда за 2011 година.

**Објаснување на извештајот на Мур стивенс за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2011 година**

Согласно член 383. став 1. точка 2. од Законот за трговски Друштваи член 70. од Статутот, Одборот на директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за усвојување на извештајот на Мур Стивенс Доо за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2011 година. Според извештајот Друштвото работело придржувајќи се до законската регулатива во Република Македонија и во согласнот со Меѓународните стандарди за Финансиско известување кои се прифатени и објавени во РМ.

**Објаснување на годишниот извештај на внатрешна ревизија за 2011 година**

Согласно член 383. од Законот за трговски Друштваи член 70. од Статутот, Одборот на директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за усвојување на годишниот извештај на внатрешна ревизија за 2011 година. Внатрешната ревизија реализирање 2 редовни полудогишни ревизии и според мислењето на внатрешниот ревизор системите за интерна контрола во Друштвото се адекватно имплементирани, во насока на минимизирање на сите типови ризици, карактеристични за осигурителното работење на Друштвото.

**Објаснување на годишниот извештај за работењето на Одборот на Директори за 2011 година**

Одборот на Директори во претходната 2011 година одржа вкупно 10 состаноци, на кои се расправаше по точките кои уредно беа ставени на Дневен ред и се донесоа Одлуки за непречено одвивање на работењето на Друштвото. Во 2011 година Одборот на Директори донесе значајни Одлуки за понатамошниот развој на Друштвото, и работеше со внимание да го заштити акционерскиот капитал. При тоа, одлуките беа насочени кон јакнење на развојната стратегија на Друштвото, прилагодување на пазарните услови и конкуренција, се со цел зголемување на веќе постоечкото портфолио на Осигуреници. Својата работа Одборот ја вршеше во согласнот со Законот за супервизија во осигурување, Законот за трговски друштва како и во Деловодникот за работа на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на Живот.

Сите членови на Одборот на Директори, освен Неизвршниот независен член, Г-динот Камбовски, активно учествуваа во работата на состаноците, земајќи учество во дискусиите при што беше изразена стручноста, деловноста и заинтересираноста за работата која се пратеше со големо внимание во текот на целата година.
Согласно член 383. став 1. точка. 4. од Законот за трговски Друштваи член 70. од Статутот, Одборот на Директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, Одборот на Директори поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Одборот на Директори за 2011 година

**Објаснување на предлог Одлуката за висина на месечен надоместок на неизвршни членови на Одбор на Директори за 2012 година**

Согласно член 353. став 1. од Законот за трговски Друштва и член 82. Од Статутот, Одборот на Директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за висина на месечен надоместок на неизвршни членови на Одбор на Директори за 2012 година. Потребно е Собранието со одлука да го определи месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на Одборот на Директорите.

**Објаснување на предлог Одлуката за за назначување на Друштво за ревизија на финансиските за 2012 година**

Врз основа на постапката за набавка, оценување и споредување на примените понуди, како економски најповолна понуди Друштвото доби понуда од ревизорската куќа Мур Стивенс Доо. Согласно член 370. Од Законот за трговски Друштва и член 78. Од статутот на Друштвото, Одборот на Директори предлега да се прифати понудата на Мур Стивенс Доо.

**Објаснување на предлог Одлуката за припис на добивка по полиси за осигурување на живот за 2011 година**

Согласно член 370. од Законот за трговски Друштва и член 78. од Статутот, како и член 27 од Посебни услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување, Одборот на Директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот, поднесува до Седницата на собрание на акционери, предлог Одлука за препис на добивка од 3% за сите активни индивидуални активни осигурувања на живот.

**Објаснување на предлог Одлуката за разрешување на неизвршните членови на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот**

Согласно член. 367. став 2. и член 383. став. 3 од Законот за трговски Друштва, како и член 67. став 2. и член 43. од Статутот, заради завршување на мандатот на неизвршните членови на Одбор на директори, заклучно со датум 15.05.2012 година, донесена е предлог Одлука за разрешување на сите неизвршни членови на Одборот на Директори.

**Објаснување на предлог Одлуката за иманување на неизвршните членови на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД- Друштво за осигурување на живот**

Согласно член. 367. став 2. и член 383. став. 3 од Законот за трговски Друштва, како и член 67. став 2. и член 43. од Статутот, а врз основа на Одлуката на Управата на CROATIA osiguranje d.d. Zagreb, со број : UP/57/SFU-DK/2012, Одборот на Директори донесе предлог Одлука за именување на неизвршни членови на Одборот на Директори. Мандатот на

неизвршните членови ќе трае 4 (четири) години, од 15.05.2012 година до 15.05.2016 година.

Известување на акционерите и инструкции за употреба на гласачкото право

## Пријава

Акционерите кои сакаат да учествуваат на Годишно собрание на Акционери се потребно е во писмена форма да аплицираат за да учествуваат. Апликацијата треба да се поднесе директно во седиштето или препорачано по пошта, под услов барањето да пристигне на следната адреса: Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот, Ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 20, 1000 Скопје (со назнака: Пријава за Генералното Собрание на Акционери) најкасно во рок од шест дена пред Собранието. Во наведениот период од шест дена не вклучува денот на приемот на барањето, ниту ден на Генералното собрание, поточно правото да присуствуваат и да гласаат во Собрание имаат акционерите чиј влез пристигнува на горенаведената адреса не подоцна од 09 Април 2012 година., а се евидентирани како акционери на Кроациа Осигурување Живот во Централниот Депозитар за вредносни хартии. Ако акционер е правно лице, формуларот за апликацијата мора да бидат заверени со печат и потпис од овластено лице. Формуларот за апликација е достапен до сите акционери на Друштвото на веб страната www.cro.mk.

## Полномошно / овластување

Акционерот пополнува форма на гласачко ливче/ точно име/ компанија/ правно лице, адреса, единствен матичен број (ЕМБ) и број на сметка, односно точно име и презиме на физичко лице, адреса, единствен матичен број (ЕМБ) и број на сметка. При именување на посредник задолжително треба полномошно заверено на нотар. Ако акционерот е правен субјект, мора полномошното да биде заверено со печат и потпишано од страна на овластено лице. Пополнетиот образец, гласачкото ливче за полномошно за застапување на акционерите на Собранието на акционери, Ве молиме да го испратите заедно со пријавата за учество на Собранието на Акционери во Дирекцијата на Друштвото. Формата на гласачкото ливче со детални информации за пополнување на гласачкото лице, на располагање може да добијат сите акционери преку web страната www.cro.mk. Доказ за именување на полномошник ( со скренирано потпишано полномошно) може да се достави по електронски пат на следната email адреса: h.dzambazovska@cro.mk, додека оригиналната форма се доставува на овластениот вработен дента на одржување на Седницата.

## Материјали за Собранието на акционери

Акционерите на веб страната www.cro.mk имаат достапни материјали за XII-тата. Седница на собрание на акционери, датумот на објавување на оваа Седница, како и овластувањата, и формата на гласање. Годишниот извештај на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот, Консолидираниот годишен извештај, Годишниот финансиски извештај, и Годишниот консолидиран извештај за 2011 на Кроациа

Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот, објавени се на интернет страната на Друштвото www.cro.mk. Сите материјали за XII-тата. Седница на собрание на акционери достапни се за акционерите во седиштето на Друштвото, и во кабинетот на Главниот Извршен Директор во Друштвото.

Донесување нова точка на Дневен ред

Акционерите кои заедно поседуваат акции во износ од дваесетиот дел од основниот капитал на Друштвото, имаат право да бараат нова точка да се стави на Дневен ред на Собранието на акционери согласно член 390. став 3, став 4. и став 5. од Законот за трговски Друштва и  член 52. од Статутот, со образложение и предлог Одлука. Такво барање со поднесува до Органот кој го свикал Собранието, најдоцна 8 дена пред одржување на Собранието на Акционери.

Право на информации

На генералното собрание Управата мора на секој акционер, на негово барање, да му достави информации за работата на Друштвото, ако е тоа потребно за точките кои се ставени на Дневен рен на Собранието.

ОПШТИ ИЗВЕСТУВАЊЕ на акционерите

Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот ги известува акционерите дека е повикана XII. Редовна Седница на собрание на акционери на Друштвото, кое што поседува 30.000 редовни акции, а вкупно 27.750 акции имаат право на еден глас. Согласно член 382. став 2. од Законот за трговски друштва, Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот ги информира своите акцонери дека сите информации од член 383. и член 384. од Законот за трговски друштва, се наоѓаат на веб страната на Друштвото www.cro.mk.

Учесниците се поканувaат да дојдат еден час пред закажаната Седница на Генералното собрание, за да се состави список на учесниците.

Во случај на недостаток на кворум Собранието на акционери ќе се одржи на 30.05.2012. година во 10:30 часот, со истиот Дневен ред и на исто место

Скопје

24.04.2012. година

Главен Извршен Директор

Кроациа осигурување живот АД –

Друштво за осигурување на живот

**Вилма Учета Дузлевска**